РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1705/3 (2021)
07-06-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-та седница одржана на ден 01.06.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-165/1 од 12.01.2021 година, оформен по доставена пријава во која се укажува на сомневање за злоупотреба на службена положба и несовесно работење во службата од страна на директорот на ЈЗУ -------------------------------------------------- – ---------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што веќе има постапувано и донесено одлука по предмети со исти наводи.

Предметот со број 12-165/1 од 12.01.2021 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на Државниот управен инспекторат, на ден 12.01.2021 година, доставена е на надлежно постапување пријава во која се укажува на сомневање за злоупотреба на службена положба и несовесно работење во службата од страна на директорот на ЈЗУ ------------------------------------------------- – --------------------- и оформен предмет број 12-165/1 од 12.01.2021 година.

Во доставената пријава против посоченото службено лице се изнесуваат следните наводи: од приватна здравствена установа се назначува за в.д директор на здравствената установа; како в.д директор си распишува јавен оглас и сам се вработува на работно место стоматолог; како в.д директор објавува интерен оглас и добива специјализација, врз основа на што склучува договор во име на установата со Стоматолошкиот факултет Скопје за уплата на надоместокот за специјализација; додека е директор е често отустен поради посетување на специјализацијата каде што се наведува дека оди со службено возило.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК се обрати до Министерството за здравство со барање согласно законските надлежности да изврши надзор над законитоста на работата на посоченото лице во однос на горенаведените наводи од пријавата и да ја извести ДКСК, на кое барање не е доставен одговор.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатираше дека за предметните наводи има оформено повеќе предмети од кои дел во одделението за спречување на

корупцијата и дел во одделението за спречување судир на интереси и лобирање. Имено, по предмет со број 12-1199/1 од 19.02.2020 година на 82-рата седницата на ДКСК, одржана на 14.02.2023 година, донесена е одлука за запирање на постапката. Исто така, по предмет 09-4302/1 од 17.12.2020 година на 84-та седница на ДКСК, одржана на 31.02.2023 година, донесена е одлука за покренување Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност за службеното лице до Министерството за здравство.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk